

ИЗДАНИЕ БР.1, МЕСЕЦ МАЈ 2018

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР



# ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ м-р МИТКО ЈАНЧЕВ

Почитувани,

Изминаа повеќе од 5 месеци откако ја извршувам функцијата Градоначалник. Периодот што измина напорно работевме и се обидовме Кавадарци полека да почне да се движи по скалилата кои водат кон поубаво место за живеење.

Акцентот го ставивме на хигиената на нашата општина.
Важен сегмент за нашето општество. Со сите спроведени акции до сега се обидуваме и нашата свест за чисто Кавадарци да ја качиме на повисоко ниво.
Во соработка со ЈП Комуналец сакаме да создадеме општина која ќе биде пример, општина во која нашите деца безгрижно ќе растат и општина со која ќе се гордееме.
За нашите акции **„За чисто и убаво Кавадарци“** да бидат во целост успешни потребна ни е и Вашата поддршка и соработка. Вие, драги сограѓани, сте најважната алка во ова опкружување за кое ние секојдневно напорно се трудиме да стане една од најдобрите општини во Република Македонија.
Работиме и на инфраструктурата, која за овој периодот драстично е подобрена и во наредниот период со сите планирани активности, ќе се подобрува уште повеќе.
Го решаваме и проблемот со сместувањето на децата во детските градинки.
Наскоро ќе биде пуштена во функција новата детска градинка со капацитет за околу 100 деца. Напорно работиме за секое парче земја во Општина Кавадарци да добие функционалност. Се обидуваме да го искористиме капацитетот кој го има нашата општина. Вашата поддршка и доверба ќе ни дадат сила и уште поголем мотив за уште поуспешна работа.

Со почит,
**м-р Митко Јанчев**

# ЗА КАВАДАРЦИ



Општината Кавадарци лежи во Јужниот дел од Републиката со површина од 1.132км квадратни. Таа завзема најголем дел од Тиквешката котлина која го чини централниот дел од Повардариетo. Во рамките на општината постојат вкупно 55 населени места со една градска и четири приградски.

Самиот град Кавадарци се наоѓа на надморска височина од 230-270м.
На јужниот и југозападниот дел од општината, главна одлика се високите и средните планини кои кон север преминуваат во понизок и ридест простор, а како посебна рељефна целина се истакнува дното на Тиквешката котлина како ниско котлински, рамничарски дел.

Општина Кавадарци се соочува со многу мал процент од 8% невработеност.
Речиси секое семејство освен работните обврски одгледува и винова лоза од која црпи дополнителни приходи.

Како што би рекле постарите, кавадаречка куќа без вино и ракија не бидува.
Во наредниот период Градоначалникот заедно со службите ќе работат на развивање на туризмот. Кавадарчани сме познати по гостопримливоста и широките насмевки. Културното и природното богатство кое го има Општина Кавадарци мора во целост да се искористат.
Тиквешкиот Гроздобер и празникот Св „Трифун“ се најзначајни туристички манифестации.
Оваа година подготовките за Тиквешкиот Грзодобер се веќе започнати.
Очекуваме многу посетители, квалитетна програма и убави денови кои ќе остават белег на Кавадарци.
Заедно да создадеме едно топло и пријатно катче за сите гости кои сакаат да не посетат во тој период. Заедно да го вратиме сјајот на Тиквешкиот Гроздобер.
Сите останата градови имаат клутурно лето, само Кавадарци ја има „Културната есен“.
Кога грозјето ќе се собере, а виното ќе почне да зрее, Кавадарци ја слави Културата.
Просперитетот на општината го чини вредниот и гостопримлив народ кален под жешкото Тиквешко сонце.



## ДОНАТОРСКА АКЦИЈА „ЗА ПОУБАВО КАВАДАРЦИ“

На иницијатива на општина Кавадарци и градоначалникот Митко Јанчев, во заедничка донаторска акција на неколку водечки кавадаречки фирми се спроведе акција за расчистување на дел од просторот околу заобиколницата „Северен булевар“, потоа кај „судската палата“ и околу споменикот во „Моклиште“. Механизацијата на фирмата „ЈА-МИ“ од Кавадарци работеше на расчистување на целата површина околу споменикот на „12 Ваташки младинци“ во Моклиште. Таму беше отстранет, шутот, обраснатите грмушки и тревата, а се уреди и патеката кон воденицата.
Во функција на култивирање на просторот околу споменикот се изврши орање на земјата со сеење на трева. Со оваа акција ќе се оплемени просторот пред престојното одбележување на јубилејот 75 години од стрелањето на 12 ваташки младинци, на 16 јуни, како и за мото собирот во таа чест. Голема акција за расчистување беше спроведена на двете страни од „Северн булевар“ до спојот со булеварот „Никола Минчев“ каде се расчисти теренот од земја, наноси, шут, како и обрасната трева и грмушки. Се расчисти простор во ширина од 4 метри од двете страни на улиците и тоа на ниво на ивичниците. За оваа работа беше ангажирана градежната механизација на фирмите: „Ја-Ми“ со еден багер и три камиони, потоа „ИГМ Трејд“ со два утоварачи и 10 камиони, како и дел од механизацијата на „Градба промет“ со еден багер. Општината со помош на фирмите донатори ја расчисти запуштената површина и кај „Судската палата“ покрај Булеварот „Никола Минчев“, од каде се отстрани нафрлан шут, наноси од земја, грмушки и трева. Со двете акции на северот од градот општината го расчисти и го култивираше просторот на влезот во Кавадарци од страна на Неготино и Росоман со што отстрани една мошне грда слика за градот.

## ПОСТАВЕНИ РЕКВИЗИТИТЕ ЗА НОВ ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК



Општина Кавадарци продолжува со активностите за обезбедување уредени простори за забава и рекреација на децата. Фирмата „ЗД-Горан“ постави детски забавни реквизити во населбата „Ѓорѓи Соколов“ веднаш до новите тениски игралишта кај заобиколницата „Северен булевар“. Новиот детски забавен парк зафаќа површина од 150м2 каде се поставени 5 реквизити за игра и забава. Следи поставување на бекатон коцки, и на урбаната опрема со клупи за седење и типизирани канти за отпад.
Новиот детски забавен парк ќе биде надополнување на просторот за рекреација и спортување во овој дел на градот веднаш покрај реката Луда Мара, каде се наоѓаат и двете нови тениски игралишта. Во наредниот период треба да се изградат неколку нови забавни паркови на подрачјето од градот.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА ПО ГРАДСКИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ

Општина Кавадарци е во фаза на санирање на оштетувањата на коловозите од сообраќајниците во градот како последица од зимата. Праку надлежните општински служби а во корелација со ЈП „Комуналец“ деновиве завршија работите на обновување на хоризонталната сигнализација на двата кружни текови во градот. Заради поголема безбедност во одвивањето на сообраќајот беа префарбани рабниците на кружните текови и тоа согласно законските прописи во жолти и црни линии.
Претходно се работеше на обележувањето на целосната нова хоризонтална патна сигнализација на новиот семафор на крстосницата помеѓу булеварите „Никола Минчев“ и „Македонија“. Паралелно општината преку фирмата „Урбан инвест“ работи и на крпењето на ударните дупки. Согласно овој проект треба да се санираат зимските оштетувања на коловозот од сообраќајниците на вкупна површина од 800м2. Најголемиот дел од оштетувањата кој ќе се санираат во оваа фаза се наоѓаат по градските сообраќајници. Според планот потоа следува „крпење“ на ударните дупки во селата Сопот, Марена и Глишиќ, а на крајот ќе се интервенира по споредните градски улици и кај оштетувањата на паркинзите.



## СЕ НАДЗИРААТ КОНТУРИТЕ НА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК

Оперативата на фирмата „Градба промет“ од Кавадарци интензивно работи на изградбата на новиот кружен тек кај спојот на улицата „Блажо Алексов“ со Булевар „Видое Смилевски“. Градежната механизација на изведувачот ја обезбеди и профилира подлогата на коловозните лента, а се надзираат и контурите на идниот кружен тек кој е трето вакво современо сообраќајно решение во Кавадарци.
На сегашната раскрсница кај мостот „Белка“ ќе се формира кружен тек со рабници. Согласно проектот на овој потег беше извршено вадење на стариот асвалт, се изврши спроведување подземна инсталација на сите надземни кабли, а откако ќе завршат фундаменталните работи ќе следува поставување два слоја на нов асвалт.
Со ова ново сообраќајно решение ќе се подобри безбедноста во одвивањето на сообраќајот на возилата и пешаците во овој дел од градот кој претставува источен влез од правецот на Неготино.

## ВО ФУНКЦИЈА НОВИОТ СЕМАФОР



Кавадрци ја доби шестата раскрсница каде сообраќајот се регулира со семафор. Општина Кавадарци го заврши проектот за ново сеамфорско регулирање на сообраќајот на раскрсницата меѓу булеварот „Никола Минчев“ со булевар „Македонија“.
Изведувач на работите беше специјализиранаата фирма „Електро Софт инженеринг“ ДОО од Скопје. Согласно проектот беа поставени вкупно 10 столбови за светлечнките тела, од кои 6 за возачи, 12 за пешаци и 4 одбројувачи на време. Вкупната инвестиција само на семафорите чини 1.500.000 денари со ДДВ. Општина Кавадрци преку Јавното претпријатие „Комуналец“ работеше на испишување на хоризонталната патна сигнализација на семафорите. Паралелно со исцртувањето на хоризонталната сообраќајна сигнализација на оваа позиција беа поставени бекатон коцки на пешачките острови со што раскрсницата покрај максималното подобрување на безбедноста во одвивањето на сообраќајот, доби и сосема нов урбанизиран лик.



## АКЦИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДИВО ПОСТАВЕНИТЕ ЛИМЕНИ ГАРАЖИ

Градоначалникот на општина Кавадарци м-р Митко Јанчев, а на претходно барање од жителите на околните станбени објекти, покрена иницијатива за отстранување на бесправно поставените лимени гаражи на земјиште во сопственост на Република Македонија. Сите иматели на ваквите објекти по писмен пат беа благовремено информирани самите да превземат мерки за нивно отстранување. Општината изготви известување кое беше налепено на сите лимени гаражи кои треба да се отстранат.
Се отстраниа лимените гаражи од просторот помеѓу колективните и индивидуалните станбени објекти на ул „Кочо Пацин“, ул. „Орце Николов“, булевар „Македонија“ и булевар „Никола Минчев“, вкупно 49 гаражи. На улицата „Блажо Алексов“се демонтираа 5 гаражи, а на улица „Ѓорѓи Соколов“ 11 гаражи. Паралелно со ова Општината расчисти запуштена површина од 9 000м2 кај „Северен булевар“, локација која е предвидена за плато за лимени гаражи. Сите лимени гаражи од територијата на град Кавадарци ќе се дислоцираат овде со цел да бидат соодветно поставени и обезбедени од кражба..
За оплеменување на просторот и ставање во функција работеше механизација од еден скип и 3 камиони, донација од фирмата „ЈА-МИ“ од Кавадарци, а за истата работа беше ангажиран и багер од ЈП „Комуналец“.

## СРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ ВО ГРАДОТ



Тековни активност во комуналната изградба има на продолжувањето на работите на новиот кружен тек, како и реконструкцијата со бетонирање на тротоарот на улицата „Страшо Пинџур“ кој се одвива во континуитет.
Исто така се средува и целиот тротоар од зградите Слога, се до новиот центар.



## ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВЊЕ НА ГРАДОТ

Во корелација со општината ЈП„Комуналец“ интензивно врши косење на запуштената трева на повеќе локации во градот. Се косеше кај зградите „Кочо Рацин“, кај станбениот комплекс на ул. „Бел Камен“, а косење беше извршено и на тревата на јужната и северната страна кај спортската сала„Јасмин“. Целата на оваа акција е да се уредат зелените тревни површини согласно стандардите, а воедно и да се оневозможи постоење на простор со обрасната трева и вегетација која би била погодно место за развој на влекачи и глодари кои се потенцијална опасност за месното население. Организационата единица паркови и зеленило работеше на хортикултурно уредување на дел од зелените површини во Кавадарци. Во оваа пролетна кампања се уредиа три локации: жардинерите пред старата стоковна куќа во центарот, кружниот тек кај автобуската станица, како и зелените површини во паркот на револуцијата.
ЈП„Комуналец“ на овие три локации засади 2 500 корени на темјанушки (љубичици), кои го култивираа и разубавиа овој дел на градот. Паралелно се работи и на системот за полевање на зелените површини зад зградите „Лепотици“. Водоинсталатерите на ЈП„Комуналец“ започнаа со поставувањето на системот за полевања Вкупната мрежа со пластични црева, 5 разводни вентили и над 50 распрскувчи за вештачки дожд се поставува на површина од близу 5 000м2.
Овдека општината планира создавање на урбанизирана зелена површина согласно сите стандарди на урбано живеење каде граѓаните би имале убав простор за одмор и рекреација.







# ЗГОЛЕМЕН ИНТЕНЗИТЕТ ВО КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА

**Општина Кавадарци** го продолжува интензитетот на комуналната изградба. Големиот број реализирани проекти од комуналната свера се веќе ставени во функција на граѓаните. Градоначалникот и општината продолжуваат со исто темпо да ја реализираат програмата за комунална изградба. На почетокот од месец мај градежните оперативи на ангажираните фирми по тендер се присутни на терен за изведување на работите од комуналната изградба во општината.



Како дел од тековните активности подготвена е подлогата на улиците„Црноречка", „4 Јули",„Јане Сандански", „Орце Николов" и „Праведничка" каде треба да се изврши асвалтирање.
Општината во наредниот период предвидува отпочнување со работа на тротоарите на улиците: „Блажо Алексов", „Божо Димов", „Ѓорѓи Соколов", улица „Партизанска" како и на тротоарот на Булеварот „Никола Минчев".
Општина Кавадарци и за месец мај најавува сеопфатна комунална изградба која има за цел подобрување на инфраструктурата како во градот така и во руралните средини.

**ООУ „Гоце Делчев" од Кавадарци**

Учениците од петто одд. на регионалниот натпревар по математика ги освоија следниве места:
Марика Георгиевска 1 место | Кристина Маркова 2 место

-На регионалниот натпревар по Англиски јазик ЕЛТАМ ученичката од петто одд. Марика Георгиевска освои прва награда.

- ООУ „Гоце Делчев" започна да реализира проект за мали грантови за подршка на иницијативи за инклузивно образование насловен „За сите деца". Сите планирања се реализираат во просториите на училиштето преку осмислени вон и наставни активности, а некои се од рекреативен карактер и се спроведуваат надвор од училиштето во договор со тимот за реализација на проектот и родителите на учениците.

**Освоени награди во месец Април**

Наставник Сашко Ристов на ден 13.04.2018-општински натпревар атлетика освоени 10 медаљи во повеќе дисциплини дел од учениците се пласираа за на државен натпревар во атлетика; Регионален натпревар во мал фудбал 2 место.

**Наставник Благој Ѓурѓиновски –регионален натпревар по биологија:** Блаже Игнатовски 1 место, Бојан Чаприќ 2место, Томе Ѓондев 1 место, Зорица Каракулева 2 место, Филип Јосков 3 место.

**Наставник Катерина Јаневска-регионален натпревар математика:** Томе Гондев 2 место, Илина Димова 2 место, Емилија Златева 3 место, Иван Мркев пофалница.

**Натавник Снежана Ристовска-регионален натпревар Народна техника и природна и применета географија:** Оливера Крстевска 1 место и астронаутика Томе тефов 1 место.

**Наставник Павлинка Голчева-Народна техника хемија регионален натпревар:** Благој Трајков 1 место.

**Наставник Емилија Давчева - Регионален натпревар по математика:** Мајкал Ѓеорѓиевски 1 место, Бошко Бошков 1 место Илина Бошева попфалница, Снежана Бошкова пофалница, Клара Маркова 4 место, Лилјана Атанасова 5 место.

Ученикот Мајкл Ѓеорѓиевски ќе учествува на меѓународна математичка олимпијада.

**Наставник Васка Бошкова-државен натпревар во фототехника:** Витомир Јаневски 1 место и Памела Мустеникова 3 место во архитектура.

**Наставник Верица Гурева- натпревар по англиски јазик HIPPO:** ученикот Илија Петров освои прва награда на општинки и регионален натпревар и на 12 и 13 мај ќе учествува на меѓународен натпревар што ќе се одржи во Италија заедно со уште 7 ученици од основно и средно образование од Македонија.





**ООУ "Димката Ангелов Габерот" Кавадарци**

Во организација на Ученичката заедница организиран училишен Street ball турнир под мотото: "Со фер плеј заедно против насилството".
Во текот на месец април училиштето во соработка со Локална самоуправа се вклучи во пилот проект за замена на светилките во училиштето и употреба на штедливи светилки.

Масовно учество и бројни постигања на натпревари од страна на учениците во сите дисциплини:
**Државен натпревар по географија**
Милан Лазов од 7в одд. -III награда
Ментор Весна Пончева

Републички натпревар „Олимпијада на млади техничари и природници", Печкова Ивана 7в одд - прво место
-Иванов Давид 8б одд. - трето место. Ментор Горан Илиоски
**Државен натпревар по Информатичко размислување:**
1. Јордан Милков 7мо одд- II ро место
2. Елена Ризова 4то одд- III то место
Ментор: Горица Мицева
**Регионален натпревар по Хемија:**
Јована Данова 9то одд. 1 место Ментор: Тодор Ѓорчев

**Регионален натпревар по македонски јазик**
Симона Јанчева 8б одд. - III место Ментор Соња Костова
**Регионален натпревар по англиски јазик:**
Александар Милков 8 одд. 3 место,
Лалкова Анастасија 9 одд. 2 место
Ментори: Зорица Попова, Марија Јовановиќ
**Регонален натпревар по математика:**
Милков Трајче 6а 1во место
Милков Јордан 6одд 1во место
Туриманџов Мартин 6то одд. 3то место
Лазов Милан 7мо одд. 3то место
Јанковски Ѓорѓи 7мо одд. 3то место
МИлков Стефан 8мо одд. 3то место
Ментори Оливера Летникова, Невенка Чејкова





**ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ АПРИЛ МУЗЕЈ-ГАЛЕРИЈА ГИ ОДБЕЛЕЖА СИТЕ ПОЗНАЧАЈНИ ДАТИ, НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ЈУБИЛЕИ.**







**01.04.2018 г.**

- 75 години од формирањето на штабот на Трета оперативна зона. Ги опфаќа териториите на Тиквешко, Гевгелиско, дел од Велешко, како и поголемиот дел од Мариово. Командант на штабот бил назначен Никола Минчев, негов заменик бил Лазар Калајџиски, Димката Габерот за политички комесар, а негов заменик Петар Пепељуговски.

**07.04.2018 г.**

- Одбележани 74 години од херојската смрт на Народните херои на Македонија, Киро Крстев и Димче Мирчев.

На 7 април 1944 година пред 74 години по жестока и нерамноправна борба со бугарската полиција во близина на Градскиот парк во Кавадарци во куќата на Иге Златев загинаа Народните херои на Македонија, Киро Крстев и Димче Мирчев од Велес. Киро е налбатски работник, а во напредното младинско движење се вклучил во 1940 година. Во септември 1941 година е еден од првите борци на првиот кавадаречки партизански одред. Во септември 1942 г. е член на месниот комитет на КП за Кавадарци. Во 1943 година е борец во одредот "Добри Даскалов", а потоа и член на Обласниот комитет. Заедно со Димче Мирчев имаат задача да организираат поголема група младинци за излегување во партизани. Вечерта на 6 април куќата каде престојувале била откриена и опколена од голема бугарска војска.

Пред споменикот во нивна чест, говореше Марија Михова, кустос - историчар во Музеј галерија Кавадарци. За животот и делото на Народните херои К. Крстев и Д. Мирчев пригоден рецитал одржаа и учениците од ОУ "Тошо Велков- Пепето" од нашиот град. На настанот присуствуваа и положија свежо цвеќе претставници од Локалната самоуправа, од Сојуз на борци, еминентни граѓани, нивни роднини и пријатели и др.

**08.04.2018 г.**

- 75 години од формирањето на Третиот областен комитет. Овој комитет го сочинувале: Борко Темелковски - Лилјакот, Мито Хаџи Василев- Јасмин, Петар Пепељуговски и Маца Карбова. Неговото основно гесло било: „Се за партизани и сите во партизани".

**13.04.2018 г.**

- 15 години од смртта на првоборецот Наќо Ангелов - Рочко. Член на СКОЈ и еден од првите борци на одредот "Добри Даскалов". По војната како дисидент бил приморан да емигрира во Прага, Република Чешка каде живее и работи како инжинер.




**04.04.2018 г.**

По повод одбележувањето 74 години од херојската смрт на Народните херои на Македонија, Киро Крстев и Димче Мирчев, Музеј-галерија Кавадарци спроведе акција за заштита и санирање на нивниот смоменикот. Активностите ги реализираа Томе Крстевски и Раде Атанасов, кустоси од Музеј галерија Кавадарци



**ЕДУКАТИВНИ ПРОЕКТИ**
**11.04.2018 год.**

Во соработка со Локална самоуправа Кавадарци и детската градинка "Рада Поцева", Музеј – Галеријата Кавадарци со големата група дечиња и воспитувачката Ката Стоквиш го реализира проектот "Учиме и цртаме за нашето културно наследство". Учество во проектот зеде и воспитувачката Јулијана Малинкова.

Преку едукативно предавање моделирање со пластелин и глина, цртање и боење децата поблиску ја осознаа убавината и значењето на нашето културно наследство. Детските прекрасни креации веднаш беа презентирани на изложба во нивните простории каде што проектот беше и реализиран. Поради големиот интерес на дечињата проектот се реализира по втор пат.

Раководител и едукатор на проектот е Весна Ѓорѓиева.

Учесници во стручниот тим се Трајче Цветков и Раде Атанасов од Музеј – галерија Кавадарци.

Повод 1 Април денот на шегата Општина Кавадарци даде подршка за реализирање на настанот голема АПРИЛИЈАДА , кој се одржа на 30 Март Петок се одржа големо детско дефиле на кое учествуваа сите основни училикшта од Кавадарци и групи од детската градинка Рада Поцева .
За првпат оваа година се додели и прва награда за најдобра маска, наградата припадна на КРЕМЕНКОВЦИ на ученици од оoу Димката Ангелов Габерот Ваташа.
Децата ќе патуваат на еднодневна екскурзија во детското одморалиште Михајлово .

# ТЕАТАРОТ ВО КАВАДАРЦИ






Одиграна јубилејната 25 та реприза на Стујардеси , тетарскиот хит кој собори многу рекорди. Кавадаречко видување на култниот текст на Марк Камолети со театарска екипа која веќе 10 тина години работи заедно. Театарската претстава е под режисерска палка на Диме Коцевски. За неполна година оваа претстава ја изгледаа над 5000 кавадарчани. Остварени се 5 гостувања во Неготино, Кочани , Гостивар, Македонска Каменица и Скопје.
По 25 та реприза режисерот, актерите и публиката едногласно кажуваат дека ова е успешен проект.
Во тек се подготовките на првиот театарски проект за 2018 година.
Еден од најдобрите текстови во изминатата деценија на српскиот драматург Небојша Ромчевиќ
" Ужасите предизвикани од пасивно пушење".





По три години повторно имаме гостин режисер, познатиот македонски актер и режисер Јордан Витанов. Прекрасен текст, спој на искусни и млади актери, искусен режисер е едно големо очекување за успешна претстава.
Долгогодишната соработка помеѓу театарот при Домот на култура Иван Мазов – Климе и гимназијата Добри Даскалов продолжува. Почнат е еден поголем проект кој токму поради обемноста на текстот и големата бројка на актери ќе биде реализиран во два дела.
Започна пред крајот на оваа учебна година а ќе продолжи со почетокот на новата учебна година. Се работи за култниот текст "Ивкова слава" под менторство на професорите Васка Петкова и Костадин Прокопов а во режија на Диме Коцевски.





Градски фудбалски клуб ТИКВЕШ 1930 во април месец одигра вкупно 6 натпревари 3 на домашен и 3 натпревари на гостински терен. По завршувањето на овие натпревари ТИКВЕШ 1930 се наоѓа на петтата позиција на табелата на Втората Македонска фудбалска лига. Најдобар стрелец е Роберт Митев со 7 погодоци и Симонов Симеон со вкупно 5 погодоци.

Џудо клуб Кожувчанка во април месец во Косово освоија едно 1 место, Благица Колева, две 2 места и пет 3 места. На натпревар во Србија Тоше Петров, Марија Илиевска и Благица Колева освоија први места.

Ангела Јовчева од Карате клуб Енерџи осс Кавадарци освојува 3 то место на Државното првенство во карате на Р.Македонија во кати категорија 10 години.






На 22.04.2018 година се оддржа второто Државно кик боксинг првенство за 2018 година за сите категории и сите возрасти. Кик бокс клуб Будо –Кавадарци учествуваше со 8 натпреварувачи во различни категории и возрасти. Блаже Настов и Синиша Милошевич се закитија со злато. Исто така освоени се и 4 сребра и 2 бронзи.

Членовите на Т.К Црна Река постигнаа забележителни успеси на регионалниот тениски развоен турнир во Тирана предводени од тренерот Златко Блажевски.

Павел Мукаетов освои 1 место во категорија до 11 год.

Филип Панов 2 место до 12 год.




# ФИЛИП РИЗОВ

Филип Ризов е роден на 19.05.1999 година. Ученик е во Гимназијата “Добри Даскалов“ во Кавадарци. Веќе 5 години активно се занимава со кик боксинг. Тренира во Кик Бокс клубот БУДО од 2013 година, се додека не стекнува доволно искуство за да влезе во натпреварувачките води во 2014 година.
Од тогаш па се до денес има многу борби и има освоено многу награди.
Учествувал на повеќе од 50 борби на државно, интенационално, балканско и светско ниво на кои има освоено и многу награди. Последната борба му е во Босна и Херцеговина на Balkan Open каде што освојува 2 злата во 2 дисциплини.
Во дисциплина Кик лајт во полуфинале го победува Мустафа Босхнјак (БиХ) со резултат 3:0. Во финалето се бори против Амар Токмо (БиХ) и борбата завршува со победа на Филип со прекин во 2 рунда. Во дисциплина Лоу Кик ( RING) полуфиналната борба против Петар Зивадиновиќ ја завршува со нокаут во прва рунда, исто така и финалната против Хазбо Калац со прекин во 2 рунда.
Ова се само последните освоени награди на Филип.
Тој е матурант и своето образование планира да го продолжи на факултетот за физичко образование.
Филип Ризов е прогласен за Спортист на година во Кавадарци за 2016 и 2017 година.
Општина Кавадарци се гордее со таленти како Филип и во иднина ќе се обидува уште повеќе да им се даде поддршка и да им се обезбедат подобри услови за развој на својот талент и постигнување големи успеси.

# ОД СРЦЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ




ЕКСТРАБУС е формирана во 1996 год. Најпрво функционира како прва такси компанија во град Кавадарци, се до 2001 година, кога ја отвара и својата агенција за патување, за посредување на автобуски и авионски карти, како и изнајмување на минибуси и автобуси како во земјата така и во странство. Составена од тим од врвни професионалци со долгогодишно искуство во туризмот. Моментално има три канцеларии низ Македонија и тоа во Кавадарци, Скопје и Битола.
ЕКСТРАБУС како општествено одговорна компанија во изминатите 6 месеци донираше за доброто на Општина Кавадарци.
Помогна во остварувањето на големиот проект "Мој Општинар" со донација на дел од униформата и опремата на "Мој Општинар".
Во изминатиот месец ЕКСТРАБУС на Противпожарната Единица на Општина Кавадарци донираше џип Туарег, возило за брза интервенција. Оваа донација е од голема важност за Општина Кавадарци и со ова збогатување на возниот парк нашата противпожарна единица се искачи скалило погоре.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

На самиот почеток да се разбереме: ова не е класична колумна, ниту пак има амбиции да биде. Ова се токму она што вели насловот – Градски муабети. Овде нема да пронајдете ситно политиканство, озборување и навреди, туку само искрено размислување на човек кој е роден, живее и работи во град Кавадарци.

Оттука натаму ваше е дали ќе читате или ќе и се вратите на вашата омилена ТВ сапуница или ќе напишете некоја "голема мудрост" и ќе мавнете некој лајк на вашиот профил на некоја од социјалните мрежи.

Додека авторот ги пишува овие редови, надвор времето е облачно (ден пред 1-Мај), ништо страшно, обични пролетни облаци над градот. Маркетите полни купувачи, на сите телефоните им "висат од ушите", договараат првомајска седенка по викендичките на Тиквешко езеро, на Моклиште или пак бараат место по ресторантите. Нешто работат само оние кои не успеале да "скрпат" продолжен викенд. Мојата "првомајска дружба" нема да биде толку екстремно авантуристичка, туку едноставна седенка на терасата и уживање во тишината на градот. Впрочем, не знам ова дали воопшто ве интересира, со оглед на тоа што кога ќе го читате весникот, ова ќе бидат "бајати" вести. Ама нека биде запишано.

Уште малку за првомајските празнувања. Сите ќе се увериме секако на последиците од празнувањето, со оглед на количините алкохол кои неколку дена се трошат по маркетите, а според годините на купувачите и годинава главни потрошувачи се младите чија енергија (која им ја носи младоста) уште еднаш ќе биде залудно потрошена на ден кој всушност и не е нивни празник, туку на нивните (вработени) родители кои овој, пред се работнички и синдикален празник ќе го слават исто како и нивните деца – со енормни количини алкохол и разно – разни скари, печења, мрсни салати и уште некоја чашка алкохол за крај на денот. Оние со поскромни примања можеби и ќе излезат на некој од најавените синдикални протести, арно ама вечерта и тие ќе се свртат на ладната ракиичка и скромната салата, па до доцна во ноќта туфкање и офкање како не ја бива, мали плати и слични муабети кои требало дента на протестот да ги кажат, ама ете, немале време или можеби им било страв најверојатно. Да се разбереме, овде зборуваме за нашиот град, за Кавадарци и нашата кавадаречка традиција на терање празници, тешко споредлива според количините испиено и изедено со било кој град во Македонија.

И ајде, со оглед на тоа што ова е прв број на весникот и мое прво јавување со некој збор во него, како најава за наредните наши средби на ова место, да ви кажам дека овде ќе читате вистински градски приказни, за луѓето кои градот го прават град, за некои минати и денешни урбани, градски легенди, за влијанието на 21 век на Кавадарци. Ќе читате веќе следниот пат за влијанието на културата и уметноста на градското живеење, за нашите успеси и неуспеси Кавадарци да го направиме пристојно место за живеење, па и за младоста која остана овде и нејзината перспектива во еден град кој има ретка шанса, според сите објективни/субјективни перформанси на делување на сите граѓани, да излезе од калта на руралниот менталитет и можноста цврсто да се зграбат европските перспективи, секако со мала помош на умните луѓе кои и покрај се останаа овде, во Кавадарци. До следната наша средба – бидете ми добро.

**Марјан Тодоровски**

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Галабов
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk